Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
03 -05- 2019

| Орг. един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 181/18 | 2 | |

УП1 БР. 14-3590
_________ година
03 -05- 2019

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по: Македонистика-Македонска книжевност и јужнословенски книжевности; Македонистика-Македонски јазик и лингвистика; Македонистика-Применета лингвистика и македонистика и Македонистика-Македонска книжевност на Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по: Македонистика-Македонска книжевност и јужнословенски книжевности; Македонистика-Македонски јазик и лингвистика; Македонистика-Применета лингвистика и македонистика и Македонистика-Македонска книжевност на Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Филолошкиот факултет „Блаже Конески", при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање бр. 10-181/15 од 20.03.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-3590 од 21.03.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми акредитирани со: Решение за акредитација бр. 1409-415/7 од 13.03.2019 година, Македонистика-Македонска книжевност и јужнословенски книжевности; Решение за акредитација бр. 1409-415/8 од 13.03.2019 година Македонистика-Македонски јазик и лингвистика; Решение за акредитација бр. 1409-415/9 од 13.03.2019 година, Македонистика-Применета лингвистика и македонистика и Решение за акредитација бр. 1409-415/10 од 13.03.2019 година Македонистика-Македонска книжевност, издадени од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-3590 од 25.03.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 03.04.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-3590 од 17.04.2019 година, каде е наведено дека за студиските програми од трет циклус тригодишни

студии по: Македонистика-Македонска книжевност и јужнословенски книжевности; Македонистика-Македонски јазик и лингвистика; Македонистика-Применета лингвистика и македонистика и Македонистика-Македонска книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методи" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR
Dr. Arbër Ademi

Доставено и до
- Архива

Подготвил: Нухи Ајдини
Контролирал: Снежана Лузевска
Согласен: Борчо Алексов
Одобрил: d-r Agim Rushiti